Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 08-492/1
16.11.2022 година

Управа за електронско здравство

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници, (Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18) и („Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20 и 215/21), Правилникот за систематизација на работните места во Управата за електронско здравство под бр. 08-17/3 од 25.12.2015 година, Директорот на Управата за електронско здравство на ден 16.11.2022 година ја донесе следната :

1. **ОДЛУКА** за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за работното место : **УПР0101Б04000 – Раководител на одделение - Раководител на одделение за обработка и анализа на податоци во одделение – одделение за обработка и анализа на податоци 1 (еден) извршител.**

2. Во врска со објавениот интерниот оглас за унапредување на административен службеник за работно место – **Раководител на одделение - Раководител на одделение за обработка и анализа на податоци во одделение – одделение за обработка и анализа на податоци 1 – УПР 01 01 Б04000 се избира прворангираниот кандидат Методи Мицев со решение бр. 04-12.2 од 25.10.2016 година.**

1. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето на веб страницата на Управата за електронско здравство.
2. Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата на Управата за електронско здравство.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиениот согласност од Министерството за Финансии под бр.18-9375/2 од 06.10.2022 година, по барање на Управата за електронско здравство, Агенцијата за администрација објави интерен оглас број 2/2022 на својата интернет страница, и на веб страницата на Управата за електронско здравство.
Со Решение за формирање на комисија за селекција на вработување број 08-481/1 од 11.11.2022 година, е формирана Комисија која ја спроведе постапката за селекција на унапредување на административен службеник.
Комисијата за селекција спроведе административна селекција за кој состави записник број 08-482/2 од 11.11.2022 година, комисијата состави записник од работата на комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју и финална ранг листа на кандидати - бр.08-489/1 од 15.11.2022 година .


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500 www.zdravstvo.gov.mk

Врз основа на Записникот од административна селекција и Записникот од спроведеното интервју, а според вкупно освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата состави финална ранг листа кои е доставен до директорот на Управата. Согласно член 52 став (1) од законот за административни службеници е утврдено дека во рок од три дена од добивањето на предлогот директорот, е должен да донесе одлука за избор. Имајќи во предвид горенаведеното, директорот на Управата за електронско здравство одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука: Незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба против оваа Одлука до Управата за електронско здравство во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страницата.**

**Управа за електронско здравство**
**В.Д. Д И Р Е К Т О Р,**
**/Рефик МУСТАФИ/**

Доставено до :
- Кандидатот
- Човечки Ресурси
- Архива

Изработил : Онур Клинче
Проверил : Елица Стојаноска Азманоски


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk